2004



# ИМАГИНАРЕН ГРАД

Во **Музејот на современата уметност** во Скопје, во рамките на одбележувањето на 40-годишнината од постоењето, скопската ликовна публика може да го види ***Имагинарниот град***, исклучително успешна инсталација во просторот, креирана од **Јован Шумковски**.

- "Градот" е поставен на 400 квадратни метри изложбен простор, со сите елементи на уреден урбан простор. Содржи старо градско јадро што како ѕвезда се шири во просторот и може (но не мора) да потсетува, на пример, на Амстердам или на Париз. Градот понатаму се шири во модерни урбанистички решенија, со запазен систем на градски квартови и големи булевари, административни и трговски центри, и прикажува архитектонски концепт што го следи огромен економски развој на некој град од Индокина или од Азија, на пример-раскажува Шумковски.

Инсталацијата содржи 5.000 објекти (куќи) наредени според "урбанистички план" и во него во моментот "живеат" над 2 милиона жители. Физички не е ограничен и дава можност за постојано проширување. Низ него течат две реки, кои се премостени на безброј места.

Самата поставеност на инсталацијата на под и држењето на публиката на дистанца (качена на скали), не е нешто ново. Шумковски ни го приреди тоа и во 1994 година, во Музејот на град Скопје. Со оваа, практично, се надополнува неговата серија инсталации наречени *Ноќни визии*. Затоа, вистински ефект се постигнува доколку овој град го видите навечер. Шумковски успеал да го "стопли" просторот на МСУ, давајќи му хумана димензија, којашто делумно произлегува и од дрвото, како основен матерјал што е користен при поставувањето на инсталацијата. Видеопроекцијата, којашто е составен дел на инсталацијата, го отвора проблемот на односот меѓу малиот човек и големиот град или, можеби, по содржина голем човек, на којшто му е понуден мал град.

**А.П.**

